ивановски матевски мијакоски

Каталогот е отпечатен со средства на Републичкиот фонд за финансирање на културните дејности

музеј на
современата
уметност
скопје 18. IV — 23. VI 1973
уметничка
галерија „моша пијаде“
битола 16. VII — 1. VIII. 1973.

musée
d'art
contemporain
skopje
galerie d'art
„moša pijade“
bitola

---

завод за заштита
на споменици
на културата
и народниот музеј
Охрид
11. VIII — 2. IX 1973

АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ, ЃОКО МАТЕВСКИ, РИСТО МИЈАКОСКИ

---

ALEKSANDAR IVANOVSKI, ĐOKO MATEVSKI, RISTO MIJAKOSKI

Во интенцијата на Музејот на современата уметност покрај презентирањето на веќе изградените ликовни индивидуалности, како програмска ориентација егзистира и претставувањето на оние млади автори кои навлегуваат во тековите на современата ликовна уметност и кои веќе зачекориле кон својата афирмација.

Во таа смисла ќе треба да ја разгледуваме изложбата на тројцата уметници, сликарите Ѓоко Матевски и Ристо Мијакоски и скулпторот Александар Ивановски — Карадаре.

Критичкиот интелект на Ѓоко Матевски е насочен кон откривање на оној ликовен метод со кој тој ќе може најсугестивно, но и нагласено поетски, да ни укаже на многу измами, фарисејства и заблуди што егзистираат во ова наше време. Онаа негова содржински нова фаза (на изложбата се вклучени само неколку од постарите платна), што од претходната го задржа постоењето на лирскиот акцент, претставува мала корекција на поранешниот апстрактен интерес со внесување на настани во кои човекот се јавува како протагонист на сите движења во современиот живот. Денешното време, во интерпретацијата на Матевски е период на егоистични личности и на вистински „волчји" дуел во кој искрите на „метафизичкиот спас" се наоѓаат надвор од релациите во општеството; се наоѓаат во природата како персонификација на еднаквоста.

Обрнувајќи ѝ се на природата, содржински полна и лирична, природата што е почеток на сè и суштина на една кристално чиста мутација, Матевски ликовно ја доживува преку проѕирноста на технолошки извонредно пастелизирани тонови во чија надградба ги наоѓаме структуралните експерименти во нивна полна димензија на пластичност. Линијата, што ја затвора експресијата на еден колористички ефект, не е линија на чиста апстракција, како што тоа не е во полна смисла ниту онаа линија што има за задача да го издели „субјектот" во неговото ликовно дело и кое претставува причина за уметничка интервенција.

Работејќи врз својата содржинска анализа на проблемите што го интересираат, Матевски се ползува со стилизираните фрагменти на човечкото тело, најповеќе со главата и костурот, за да искаже, речиси заједливо, она што го мисли за луѓето и настаните. Патот по кој притоа се движи — ако го следиме од неговите први настапувања па до денес — е обидот со хроматската градација да се открива суштината на сликата и пораката: значи, од интензитетот на колоритот во почетните работи, до појавата на фигурата која ја надополнува бојата и зема доста од нејзиниот говор.

Обрнувајќи ѝ се на природата, со вонредната скала на пастелните бои, обрнувајќи ѝ се нежно, Матевски докажува дека е, пред сè, поет. Во пространствата на еден неодреден „пејзаж", таму каде што освен цутење, умирање и музика и нема други видови на траење, таму е светот што Матевски го глорифицира и кон кој нè упатува. Во тој свет не ветува ништо освен мир и искреност, со својот суптилен и сугестивен повик, со својата лирика како евентуално решение.

Сликарството на Ристо Мијакоски се бори против модерните идоли и застрашувачкото постоење на машините во современото општество.

Тоа е сликарство пресметано со техницистичка егзактност кое во својата едукативна задача настојува да биде предупредување на современото човештво и повик за фаланга против власта на роботот, машините и математиката. Мијакоски исто така го поставува човекот во централен план, човекот деформиран во онаа своја битност што во истиот момент се претставува како негова психичка тага и физичка постоење. Јунакот на Мијакоски во суштина и не е ништо друго туку комплетно дегенерирана личност, инкарнација на умирање на индивидуалноста и човештвото воопшто, условено од околностите на животот на едно „програмирано" време, време на смогот, на затруен човеков амбиент. Тој е најчесто болен веќе во сегашноста: го наоѓаме во инвалидската количка и во една опстановка на расфрлени предмети производ на ова исто време, во длабока контемплација над „амбалажата", со чаша на современиот отров во рацете. Неговото сликарство, значи, ги регистрира оние безизлезни состојби на телото и на духот, но без подлабока анализа, задржувајќи се само на фактографските детали, замислени со една драматична перспектива.

Човекот — жртвата, среде тој математичко-архитектонски контрапункт се наоѓа немоќен и психички неснаодлив; се движи по една иста патека под закнување на метата, чиј дел, на крајот, и тој самиот станува. Градејќи еден таков свет и едно такво кажување, Мијакоски од искуствата на надреализмот го зема стремежот кон создавање на ситуацијата и ништо повеќе. Со својата цртачка анализа тој е близок до стрип цртежот. Колоритот му е наметлив, но без широка скала во својот хроматски дијапазон: главно форсира костенливи валери и црно-бели контрасти.

За разлика од Матевски и Мијакоски, скулпторското дело на Александар Ивановски — Карадаре не се одликува со онаа карактеристика на наративност со која творештвото на спомнатите сликари обилува. Пред сè, Ивановски својот израз го бара во експериментот како средство за визуелно-психолошката комуникација на посматрачот со делото и е заснован токму на таа негова сензација: никако не во асоцијативноста или архитектуралноста на неговата скулптура.

Десетина творби работени во дрво и неколку изведени во пластика, се трагање за онаа форма што, пред сè, со чист волумен и нагласена дијагонала му овозможува на делото, како финален резултат, што поадекватно и полесно пенетрирање во просторот. Со боењето на дрвото, Ивановски се обидува да го апстрахира феноменот на материјалот, настојувајќи да се запази само чистата форма. Овој факт се потенцира и со редуцирање на било какви детали во површинската обработка на скулптурата; а каскадната прекршеност на плотните и нагласената дијагонална поставеност во просторот, најсоодветно ја потенцираат природата на скулптурата на Ивановски што може да биде окарактеризирана и како „скулптура на импулси". Таа во еден поширок контекст, може да биде феномен кој е во истото време интегрален дел на некои согледувања и постигања на нашето време.

Во таа смисла можеби и ќе можеме да ја бараме врската меѓу сите тројца автори од оваа изложба кои со ваков вид на ангажираност се вклучуваат не само во современите текови на ликовната уметност туку и во современите текови на нашето време воопшто.

**Слободанка Парлиќ Барищиќ**

**ИВАНОВСКИ**
**МАТЕВСКИ**
**МИЈАКОСКИ**



4



2

## Александар ИВАНОВСКИ — КАРАДАРЕ, скулптор

Роден на 14. VI 1943 во Прилеп
Дипломирал 1968 на Академијата за ликовни уметности во Љубљана
Член на ДЛУМ од 1968.
Адреса: „Партизански одред" 111, блок IV, влез 1/9, Скопје

### Самостојни изложби

1973 — Скопје (заедно со Ѓоко Матевски и Ристо Мијакоски), Музеј на современата уметност — 18. IV — 23. VI 1973

### Групни изложби

1968 — Скопје, Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
1969 — Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Скопје, „Моето сакано дело", Уметничка галерија
1970 — Скопје, 25 јубилејна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
1971 — Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
1972 — Скопје, „Современи македонски уметници — млада генерација II", Музеј на современата уметност
— Битола, „Современи македонски уметници — млада генерација II", Уметничка галерија „Моша Пијаде"
— Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Скопје, „Тенденции во македонската скулптура 72", Салон на ДЛУМ на улица „Ѓуро Салај"

### Награди

1969 — Скопје, II награда за споменикот на НОБ во Трнице (мавровско)
1972 — Струмица, II награда за споменикот на Гоце Делчев

### КАТАЛОГ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. БЕЛИ ИМПУЛСИ ВО ЦРВЕНО II | боено дрво | 51 x 73 x 39 | 1972 |
| 2. РИТАМ ВО БЕЛО | боено дрво | 57 x 73 x 22 | 1972 |
| 3. ПАРАЛЕНА ПРОГРЕСИЈА | боено дрво | 57 x 45 x 14,5 | 1972 |
| 4. БЕЛИ ИМПУЛСИ ВО ЦРВЕНО | боено дрво | 57 x 68 x 26 | 1972 |
| 5. РИТАМ ВО ХОРИЗОНТАЛА | пластика | 46 x 49 x 18 | 1972 |
| 6. РИТМИЧКА ПРОГРЕСИЈА | боено дрво | 63 x 39 x 18 | 1972 |
| 7. ВИЗУЕЛНА ВАРИЈАЦИЈА | пластика | 63 x 44 x 10 | 1973 |
| 8. ВИЗУЕЛНА ВАРИЈАЦИЈА II | боено дрво | 67 x 76 x 45 | 1973 |
| 9. КОНТИНУИТЕТ ВО ЦРВЕНО | боено дрво | 69 x 48 x 9 | 1973 |
| 10. ВИЗУЕЛНА НАПНАТОСТ | пластика | 69 x 54 x 18 | 1973 |

## Ѓ о к о М А Т Е В С К И, сликар

Роден на 28. IV 1942 во Скопје.
Дипломирал 1967/68 на Академијата за ликовни уметности во Белград.
Член на ДЛУМ од 1969.
Студиски патувања: Москва и Ленинград
Адреса: ул. „Орце Никлов“ бр. 87, Скопје

### С а м о с т о ј н и и з л о ж б и

1966 — Белград, Коларчев народен универзитет

1969 — Скопје, Центар за култура и информации

— Струмица, Работнички универзитет

— Штип (со Мира Апостолска), Уметничка галерија — Безистен

1970 — Куманово, Уметничка галерија (13 — 28. II 1970)

1972 — Скопје, Салон на улица „Ѓуро Салај“
— Љубљана, Клуб на културни и научни работници (28. I — 1. V 1972)

1973 — Скопје, (заедно со Ристо Мијакоски и Александар Ивановски — Караџаре), Музеј на современата уметност (18. IV — 23. VI 1973)

### Г р у п н и и з л о ж б и

1966 — 1968 — Белград, Изложби на белградските студенти по повод 4 април — ден на студентите, Галерија на Домот на ЈНА

1969 — Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија

— Истанбул и Анкара (Турција), „Современа македонска уметност“

1971 — Скопје, „Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ“, Музеј на современата уметност
— Скопје, „Современа македонска уметност — млада генерација“, Центар за култура и информации
— Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Скопје, Изложба на предложени членови на ДЛУМ, Салон на улица „Ѓуро Салај“

1971/1972 — Скопје, „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници“, Музеј на современата уметност и Уметничка галерија

1972 — Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Белград, Млада македонска генерација
— Скопје, „Современи македонски уметници — млада генерација II“ Музеј на современата уметност
— Битола, „Современи македонски уметници“ — млада генерација II Уметничка галерија „Моша Пијаде“

1973 — Рим (Италија), „16 современи македонски сликари“, Галерија Ѓулиа

### Н а г р а д и

1970 — Скопје, Награда за сликарство на весникот „Млад борец“

## К А Т А Л О Г

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. ЖЕНА ВО ПЕЈЗАЖ<br>б. с. | масло на платно | 90 x 101 | 1965 |
| 2. КАТАКОМБА<br>б. с. | масло на платно | 42 x 51 | 1966 |
| 3. МАЈКА И ДЕТЕ<br>с. д. д.: М. Ѓоко 71 | масло на платно | 51 x 29 | 1971 |
| 4. СТАРИ И НОВИ ЖРТВИ<br>с. д. д.: М. Ѓоко 71<br>сопст.: МСУ, Скопје | масло на платно | 149 x 160 | 1971 |
| 5. МАВЗОЛЕЈ НА ВРЕМЕТО<br>с. д. д.: Ѓ. Матевски | масло на платно | 77 x 70 | 1972 |
| 6. СЕКОЈ СЕКОГО ГОЛТА<br>с. д. д.: М. Ѓоко 72 | масло на платно | 64 x 35 | 1972 |
| 7. ТРИАГОЛЕН ЗАТВОР<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 50 x 50 | 1973 |
| 8. РАГАЊЕ НА АНТИ-ХРИСТ<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 120 x 99 | 1973 |
| 9. МАЧЕЊЕ<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 70 x 99 | 1973 |
| 10. СОГОРУВАЊЕ<br>б. с. | масло на платно | 61 x 50 | 1973 |
| 11. ФИГУРА<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 34 x 63 | 1973 |
| 12. МАЃЕПСАН ПРЕДЕЛ<br>б. с. | масло на платно | 61 x 49,5 | 1973 |
| 13. ПРЕДЕЛ<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 32 x 54,5 | 1973 |
| 14. ОСАКАТЕНА ГЕНЕРАЦИЈА<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 199 x 99 | 1973 |
| 15. ПОТИСНАТИ<br>с. д. д.: М. Ѓоко 73 | масло на платно | 55 x 35 | 1973 |



2



7

## Ристо МИЈАКОСКИ, сликар

Роден 1948 во Прилеп.

Завршил Училиште за применета уметност во Скопје и Педагошка академија — ликовен смер во Скопје. Од 1969 е член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Освен со сликарство се занимава и со ликовно обликување на книги, каталози, плакати и др.

Адреса: Булевар „Партизански одред" Б-7, вл. II, ателје 14, Скопје

### Самостојни изложби

1969 — Прилеп

1970 — Скопје, Фоаје на Драмскиот театар (25. IV — 13. V 1970)
— Тјентиште

1972 — Куманово, Уметничка галерија (3 — 20. VII 1972)
— Скопје, Музеј на современата уметност, заедно со Ѓоко Матевски и Александар Ивановски — Карадаре (18. IV — 23. VI 1973)

### Групни изложби

1969 — Загреб, „Млади југословенски уметници"
— Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Скопје, „Моето сакано дело", Уметничка галерија

1971 — Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
— Скопје, изложба на предложени членови на ДЛУМ, Салон на ул. „Ѓуро Салај"
— Белград, III изложба „Народно-ослободителна борба во делата на ликовните уметници на Југославија", Галерија на Домот на ЈНА
— Ријека, VI биенале на младите, Модерна галерија
— Скопје, „Македонски автопортрет", Центар за култура и информации
— Скопје, „Современа македонска уметност — млада генерација", Центар за култура и информации
— Тузла, Југословенски портрет

1971/72 — Скопје, „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници", Музеј на современата уметност и Уметничка галерија

1972 — Прилеп, Сликарска колонија
— Јаши и Пиатра Неамц (Романија), „Современа македонска уметност"
— Скопје, „Современи македонски уметници — млада генерација II" Музеј на современата уметност
— Битола, „Современи македонски уметници — млада генерација II", Уметничка галерија „Моша Пијаде"
— Куманово, VI традиционална изложба на ДЛУК, Уметничка галерија
— Биеловежа (Полска), Меѓународна изложба на уметници — учесници на Пленерот во Биеловежа

1973 — Рим (Италија), 16 современи македонски сликари, Галерија Ѓулиа

### Награди

1969 — Загреб, Награда за сликарство на изложбата „Млади југословенски уметници"

1970 — Тјентиште, Специјална пофалба за самостојната изложба во Тјентиште

1972 — Скопје, III награда за сликарство на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници"

КАТАЛОГ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 БАЛАДА ЗА ОНА ШТО ОДИ И ОНА ШТО ДОАЃА<br>б. с. | масло на платно | 90 x 90 | 1970 |
| 2. УЛИЧНА РАПСОДИЈА<br>б. с. | масло на платно | 105 x 131 | 1970 |
| 3. ЕСЕНСКА ПАРТИТУРА<br>с. г. д.: Ристо Мијакоски 71<br>сопст.: МСУ, Скопје | масло на платно | 136 x 150 | 1971 |
| 4. ГОЛЕМИОТ КЛОВН<br>с. г. д.: Ристо Мијакоски 71 | масло на платно | 120 x 131,5 | 1971 |
| 5. ЛОГОРАШ 3956<br>с. д. д.: Ристо Мијакоски 71<br>сопст.: Републички сојуз на борци, Скопје | масло на платно | 120 x 130 | 1971 |
| 6. ПРОТЕСТ! НЕ?<br>с. г л: Ристо Мијакоски 71 | масло на платно | 160 x 183,5 | 1971 |
| 7. ОД ЦИКЛУСОТ „ВО БИБЛИЈАТА ИМЕТО ТИ ГО ЗАПИШАВ БИЛЈАНА"<br>б. с. | масло на платно | 150 x 130 | 1972 |
| 8. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА II"<br>с. г. д.: Ристо Мијакоски 72 | масло на платно | 130 x 110 | 1972 |
| 9. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА" (CIVILITER MORTUUS 1)<br>б. с. | масло на платно | 250 x 125 | 1972/73 |
| 10. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА" (CIVILITER MORTUUS 2)<br>б. с. | масло на платно | 250 x 125 | 1972/73 |
| 11. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА" (CIVILITER MORTUUS Xc)<br>б. с. | масло на платно | 250 x 125 | 1972/73 |
| 12. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА III"<br>б. с. | масло на платно | 200 x 150 | 1973 |
| 13. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА VI"<br>б. с. | масло на платно | 161 x 129 | 1973 |
| 14. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА VII"<br>б. с. | масло на платно | 160 x 126 | 1973 |
| 15. ОД ЦИКЛУСОТ „ЦИВИЛИЗАЦИЈА VIII"<br>б. с. | масло на платно | 180 x 150 | 1973 |




9




10

александар ивановски, ѓоко матевски, ристо мијакоски — 1973

| | |
|---|---|
| издавач: | : музеј на современата уметност, скопје |
| одговорен уредник | : борис петковски |
| организација на изложбата и подготовка на каталогот | : соња абациева димитрова |
| предговор | : слободанка парлиќ баришиќ |
| техничка опрема | : соња абациева димитрова |
| печатница | : графички погон „с в е т л о с т“ — скопје |
| тираж | : 500 |